# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 33, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 32 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со членот 74 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/2019), на осмата седница одржана на ден 10.04.2019 година, ја донесе следната:

## **Одлука**

1) Сомневањата за прекршување на одредбата од членот 8-а став 1 алинеја 1 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 точка 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се неосновани.

2) Приговорот поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, кај Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12 – 2311/1 од 05.04.2019 година, против Општина Карпош, за прекршување на одредбата од членот 8-а став 1 алинеја 1 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 точка 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со вршење на реконструкција на дел од улицата Јуриј Гагарин 6 во населбата Козле во Скопје, СЕ ОДБИВА.

3) Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

4) Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој поднесен приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави и до подносителот на приговорот.

5) Предметот број 12 – 2311 од 2019 година се затвора и се архивира.

### Образложение

На ден 05.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен Приговор заведен со архивски број 12-2311/1 од 05.04.2019 година за прекршување на членот 8-а став 1 алинеја 1 од Изборниот законик и членот 34 став 1 точка 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од овластен подносител Генерален секретар Игор Јанушев, ВМРО-ДПМНЕ, (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство) со седиште на Плоштад ВМРО бр. 1, општина Центар, Скопје.

Во Приговорот се содржани наводи за повреди на наведените членови и тоа „дека на 19 март 2019 од страна на Општина Карпош се вршела реконструкција на дел од улицата Јуриј Гагарин 6, населба Козле во Скопје, поточно асфалтиран потег во должина од 33 метри и широчина од 5,5 метри".

Постапувајќи согласно со член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК отвора постапка за утврдување на фактичката состојба по овој поднесен приговор.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи согласно став 3 од членот 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, приговорот со прилог документација го достави до лицето / јавната институција против кое/која е поднесен, Општина Карпош, Градоначалник на Општината Карпош во рок од 24 часа од приемот на приговорот, со писмено известување број 12-2311/2 од 06.04.2019 година, со напомена дека по наводите од приговорот може да се изјасни во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето, односно најдоцна до 09.04.2019 година (вторник) до 14,00 часот со достава на писмено изјаснување во Архивата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Истовремено, согласно со член 33 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, лицето/ јавната институција против кое/која е поднесен приговорот е известено /на дека ДКСК наводите од предметниот приговор ќе ги испита и ќе постапи по приговорот на јавна седница закажана за денес 10. 04. 2019 година во 12:00 часот и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува на јавната седница.

По повод поднесениот приговор, согласно со став 5 од член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на закажаната јавна седница повикан е и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува и подносителот на приговорот - ВМРО-ДПМНЕ, (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство).

На ден 09.04.2019 година доставено е писмено изјаснување од страна на Општината Карпош, Градоначалник на Општината Карпош.

На јавната седница одржана на ден 10.04.2019 година, од страна на ДКСК констатирано е присуство на овластен претставник на лицето против кого е поднесен приговорот како и на овластен полномошник на подносителот на приговорот.

Наводите на Приговорот и прилозите, се однесуваат на тоа дека од страна на Општина Карпош се вршела реконструкција на дел од улицата Јуриј Гагарин 6, населба Козле во Скопје, поточно асфалтиран потег во должина од 33 метри и широчина од 5,5 метри, и укажуваат на сомневања за прекршување на член 8-а од Изборниот законик и на одредбата од алинеја 1 од член 34 од ЗСКСИ (од денот на донесување на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на Претседател на Република Македонија / не може да ЗАПОЧНЕ / изградба со средства од буџетот или од јавни фондови / на нови објекти во инфраструктурата, како патишта итн, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година).

Во добиеното изјаснување од Општина Карпош за наводите на Приговорот се посочува на фактот дека не се работи за започнување на изградба на патишта, туку дека се работи за реконструкција и за тековно одржување за кои се обезбедени средства од буџетот и кои се во согласност со Програмата за уредување на градежното земјиште за 2019 година на општина Карпош (доставена во прилог). Исто така, во прилог е доставен и Договор за јавна набавка на работи за „Асфалтирање на ударни дупки на јавни сообраќајни површини, сервисни и станбени улици, локални патишта и санации на прекопи на територијата на Општина Карпош", со архивски број од 01.02.2019 од Општина Карпош и од 06.02.2019 од

страна на изведувачот, како и Буџет за 2019 година - Биланс на расходи за Општина Карпош во кој се предвидени средства за Реконструкции на улици и патишта.

Од гореизнесеното утврдена е следната фактичка состојба:

Во предметниот случај не се работи за започнување на изградба на патишта, туку се работи за реконструкција на дел од улицата и за тековно одржување за кои биле обезбедени средства од Буџетот на Општина Карпош и кои се во согласност со Програмата за уредување на градежното земјиште за 2019 година на општина Карпош, а по што се утврдува дека Наводите од приговорот не се потврдени,

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата на јавната седница одржана на ден 10.04.2019 година, констатира дека не постои повреда на член 8-а став 1 алинеја 1 од Изборниот законик и член 34 став 1 точка 1 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, наводите од приговорот не се потврдени, приговорот се одбива, а предметот да се затвори и да се архивира.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Правна поука:

Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на Одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Доставено до:

- Архивата
- Подносителот